РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 05-123/1-540/21
28.01. 2022 год.
Валандово

Друштво за градежништво,трговија и услуги
ПЕШО ИНЖЕНЕРИНГ ДОО
Бр. 01-2021/10^
28.01. 2022 год.
Струмица

Врз основа на член 119 став 1, точка 3 од Законот за јавните набавки („Службен весник на РМ" бр.24/19 и „Службен весник на РСМ" бр.87/21), член 16 и член 91 од Договорот за јавна набавка со број на договорниот орган 03-540/11 од 09.08.2021 година и број на носителот на набавката 01-2021/10 од 18.08.2021 година со предмет на набавката: Реконструкција на фудбалско игралиште во населено место Пирава по Барање на Носителот на набавката бр.05-123/1-540/21 од 27.01.2022 година договорните страни

1. **Општина Валандово**, ул. ,,Иво Лола Рибар,, бб , Валандово, со ЕДБ 4003008500464 и ЕМБС6381871, застапувана од Перо Костадинов, Градоначалник на Општина Валандово. (во понатамошниот текст: „Договорен орган-Инвеститор") од една страна

и

2. **Друштво за градежништво, трговија и услуги ПЕШО ИНЖЕНЕРИНГ ДОО Струмица**, со седиште во Струмица на бул.Маршал Тито" бр.15-1/4, ЕДБ 4027009507647 и ЕМБС 6451330 застапувано од Управителот Ѓорги Манчевски, (во понатамошниот текст "Носител на набавката-Изведувач") од друга страна, вршат

# ИЗМЕНА
## на Договор за јавна набавка во текот на неговата важност

Член 1

Поради временски неприлики како и недостиг со човечки ресурси како резултат на Covid-19 пандемијата, околности кои Договорниот орган не можел да ги предвиди и суштински не ја менуваат природата на договорот за јавна набавка, а поради кои носителот на набавката е спречен со реализација на договорот, се врши измена во член 12 од Договорот за јавна набавка со број на договорниот орган 03-540/11 од 09.08.2021 година и број на носителот на набавката 01-2021/10 од 18.08.2021 година, со тоа што се продолжува рокот за завршување на работите за 3 (три) месеци.

Член 2

Останатите одредби од Договорот остануваат непроменети.

Член 3

Овој Договор е составен во 6 (шест) примероци, од кои секоја страна задржува по 3 (три) примерока и стапува во сила со денот на неговото склучување.

Договорен орган
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Градоначалник
Перо Костадинов

Носител на набавката
ДГТУ ПЕШО ИНЖЕНЕРИНГ ДОО Струмица
Управител
Ѓорги Манчевски